До Државната комисија за спречување на корупцијата, преку контакт формата на web страна на Државната комисија, доставено е Барање за мислење во врска со постоење на состојба на судир на интереси.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година, бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година и 02-2451/1 од 20.07.2026 година, го даде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно предвидените забрани и ограничувања за вршење на дополнителни дејности кај службените лица во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и одредбите кои го регулираат постапувањето во случај на постоење судир на интереси од истиот закон, а во врска со изборот за вршење на функцијата продекан на Факултетот за технички науки, како и именувањето за раководител на Универзитетскиот компјутерски центар, регулирано со Законот за високото образование (“Службен весник на РМ“ бр.82/18, 154/19, “Службен весник на РСМ“ бр.178/21, 58/24 и 124/25) и Статутот на Универзитетот „Мајка Тереза“ Скопје со бр. 0101-274/1 од 27.02.2019 година, **не е предвидена експлицитна забрана.**

Покрај наведеното, Државната комисија укажува на тоа дека, доколку продеканската функција вклучува учество во тела/одлуки што директно го засегаат буџетот, работата, набавките или надзорот над компјутерскиот центар, тогаш при таквото одлучување лицето е должен да се изземе од расправа и одлучување согласно член 73 и 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со кои е предвидено следното:

„Член 73

(1) Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес **и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.**

Адреса: „Пресвета Богородица“ бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

(2) Органот или телото на чија седница лицето од ставот (1) на овој член го соопштил постоењето на приватен интерес, е должно тоа да го констатира и внесе во записник.
(3) Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со овој закон.“

„Член 75
(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.
(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.“

Државната комисија укажува дека во натамошното извршување на јавните овластувања и службени должности треба да го почитувате и Начелото на интегритет:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“

**Претседател**

**Адем Чучуљ**